Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт, на ден 30.04.2025 година, донесе

## Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбатнистички план за линиски објекти со намена Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија (среднонапонски подземен електричен вод 10(20)KV NA2XS(F)2Y3X1X150MM2), КО Горно Соње, Општина Сопиште, КО Горно Водно, Општина Карпош, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт, www.mtc.gov.mk

Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбатнистички план за линиски објекти со намена Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија (среднонапонски подземен електричен вод 10(20)KV NA2XS(F)2Y3X1X150MM2), КО Горно Соње, Општина Сопиште, КО Горно Водно, Општина Карпош, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: подобрување на услугите во телекомуникациите, отворање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

Согласно Решението за Услови за планирање на просторот со бр. УП1-15 6119/6 од 28.09.2012 год. (издадено врз основ на Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y 19412 од септември 2012 година) во рамки на опфатот нема одобрено урбанистичко планска ниту урбанистичко проектна документација, ниту за истата се води постапка.

Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-436/8
Датум: 30.04.2025 година
Место: Скопје

**МИНИСТЕР**
**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ СКОПЈЕ

3